| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25,895,000** | **25,889,280** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25,895,000** | **25,889,280** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 18,883,000 | 18,880,799 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18,883,000 | 18,880,799 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 7,012,000 | 7,008,481 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7,012,000 | 7,008,481 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **8,760,000** | **8,488,712** | **7,450,000** | **6,841,668** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16,210,000** | **15,330,380** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 60,000 | 41,313 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 41,313 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 1,360,000 | 1,360,000 | 6,680,000 | 6,194,969 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,040,000 | 7,554,969 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 5,290,000 | 5,283,770 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,290,000 | 5,283,770 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 1,720,000 | 1,576,447 | 315,000 | 315,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,035,000 | 1,891,447 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 250,000 | 184,215 | 455,000 | 331,699 | 0 | 0 | 0 | 0 | 705,000 | 515,914 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 80,000 | 42,967 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80,000 | 42,967 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **300,000** | **300,000** | **50,000** | **50,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **350,000** | **350,000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 50,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 | 50,000 |
| 483 | Купување на мебел | 300,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 300,000 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |

**Член 3**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Бутел за 2012 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 4**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Бутел за 2012 година се објавува во Службениот гласник на Општина Бутел.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
**Коце Тапчановски**

**Број 07-265/2**
**26 февруари 2013 год.**
**С к о п ј е**

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПОБАРУВАЊАТА И ЗА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
## ЗА 2012 ГОДИНА

### Општи напомени

Во текот на 2012 година Општина Бутел ја продолжи активноста околу утврдувањето на изноот на нејзините побарувања од одделните субјекти, како и на нејзините обврски спрема доверителите врз разни основи, настанати во тековната година.

Со користење на расположливата документација, Секторот за финансиски прашања на Општина Бутел ги евидентира и ажурира тековните побарувања и обврски на општината создавани во претходните и во минатата година, врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.

Притоа, за секој вид на побарување Општина Бутел воведе посебна книговодствена аналитичка евиденција, за секој комитент пооделно.

Сите констатирани побарувања и обврски на Општина Бутел заклучно со 31.12.2012 година се наведени во Годишната сметка, во овој извештај и во другите извештаи што се составен дел на Годишниот извештај за работата на Општина Бутел во 2012 година.

### Побарувања на Општина Бутел од други лица

Во текот на 2012 година беа прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, побарувања врз основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и фгизички лица, побарувања за заедничка потрошувачка-бараки, побарувања од надоместок за утрврдување на правен статус на физички и правни лица, побарувања од закупнини, побарувања од данок на имот на физички и правни лица, побарување за комунална такса за фирма и други кои имаат учество во приходите што ги остварува Општина Бутел. Од анализата на одделните побарувања, може да се констатира дека вкупно книжени, наплатени и нереализирани побарувања на Општина Бутел заклучно со 31.12. 2012 година се следите:

| Конто за наплата | Опис на побарување | Задолжен | Наплатен износ | Остаток износ |
|---|---|---|---|---|
| 120000 | Побарувања од правни лица за надомест за уредување на градежно земјиште | 1.831.653 | 1.831.653 | 0 |
| 120001 | Побарувања од правни лица за надомест за уредување на градежно земјиште вон ГУП | 15.078.411 | 15.078.411 | 0 |
| 120003 | Побарувања од закупнини | 1.139.489 | 210.180 | 929.309 |
| 120004 | Побарувања за заеднички трошоци од бараки | 415.340 | 108.461 | 306.879 |
| 120008 | Побарувања од правни лица за надомест за легализација на бесправно изграден објект | 12.921.047 | 12.310.047 | 611.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 120010 | Побарувања од правни лица од продажба на град.земјиште | 12.399.660 | 12.399.660 | 0 |
| 122000 | Побарувања од физички лица за надомест за уредување на градежно земјиште | 24.326.340 | 24.311.950 | 14.390 |
| 122001 | Побарувања од физички лица за надомест за уредување на градежно земјиште вон ГУП | 11.478.512 | 11.478.512 | 0 |
| 122009 | Побарувања од физички лица за надомест за легализација на бесправно изграден објект | 12.847.280 | 9.532.760 | 3.314.520 |
| 122011 | Побарувања од физички лица Од продажба на град. земјиште | 3.070.944 | 3.070.944 | 0 |
| 122012 | Побарување од продажба на опрема | 15.500 | 15.500 | 0 |

| **Конто** | **Опис на побарување** | **Долговен износ на 31.12.2012 Остаток за наплата** |
|---|---|---|
| 120007 | Побарување за комунална такса за фирма (фирмарина) | 21.973.812 |
| 122005 | Побарување на данок на имот од физички лица | 24.768.594 |
| 122006 | Побарување на данок на имот од правни лица | 1.953.972 |

Побарувањата врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште и надоместок за легализација на бесправно изградени објекти од правни и физички лица и од продажба на градежно земјиште имаат најголемо учество во приходите што ги остварува Општина Бутел. Во текот на 2012 година врз таа основа, наплатени се вкупно 90.013.937 денари.
Од нив, вкупно заведени, наплатени и останати за наплата по групи на побарувања заклучно со 31.12.2012 година се следните:
Побарување од надоместок за уредување на градежно земјиште од превни и физички лица (се дели во соодност 60% г.Скопје - 40% Општина Бутел) -

| **Вид на побарување** | **Долговен износ** | **Наплатен износ** | **Остаток** |
|---|---|---|---|
| Побарување од надоместок за уредување на градежно земјиште од превни и физички лица (се дели во соодност 60% г.Скопје - 40% Општина Бутел) | 26.157.993 | 26.143.603 | 14.390 |
| Побарување од надоместок за уредување на градежно земјиште од превни и физички лица (вон ГУП 100% приход на Општина Бутел) | 26.556.923 | 26.556.923 | 0 |
| Побарување од правни и физички лица | 25.768.327 | 21.842.807 | 3.925.520 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за легализација на бесправно изградени објекти | | | |
| Побарување од правни и физички лица од продажба на градежно земјиште | 15.470.604 | 15.470.604 | 0 |

Во 2012 година во сметководството на Општина Бутел заведени се побарувања од закупнина, во износ од 1.139.489 денари, од кои 210.180 денари се наплатени. Побарувањата од закупнина се однесуваат на задолжени и наплатени побарувања од издаден деловен пеостор во владение на Општина Бутел.

Побарувањата за заеднички трошоци од бараките на општината се побарувања од минати години, произлезени од фактурирани делбени трошоци за топлинска енергија и одржување на системот за греење, према подрачните министерства и другите правни субјекти кои користат простории во бараките во кругот на општината. Имено, Општина Бутел вршеше набавка на нафта за греење на своите бараки и на оние бараки кои се во кругот на општината, а ги користат споменатите субјекти. За таа цел, како не би била оштетена општината потпишани се договори со подрачните единици на министерствата во кои поединечно е наведен процентот на учество во трошоците за топлинска енергија. Секторот за финансиски прашања врз основа на договорениот процент редовно вршеше префактурирање на трошоците за топлинска енергија. Долговното салдо на подрачните единици, во износ од 306.879 денари, произлегува од неподмирени фактури од минати години.

Останатите, побарувања за фирмарина и данок на имот од физички и правни лица, кои заклучно со 31.12.2012 година изнесуваат 48.696.378 денари, во сметководството на Општина Бутел се евидентирани побарувања на крајот од 2012 година, според добиениот Преглед на заеднички побарувања од градот Скопје. Согласно Законот за град Скопје овие побарувања се делат помеѓу општината и градот во соодветен процент, а обврска за издавање на решенија и нивно следење по лице има даночната администрација на градот Скопје. Секторот за финансиски прашања единствено врши координација помеѓу обврзниците за данок на имот и градот Скопје при дистрибуцијата на даночните решенија и откривање на нови даночни обврзници.

**Обврски на Општина Бутел спрема други лица**

На 31.12.2012 година, со користење на веродостојната расположлива документација, во сметководството на Општина Бутел се евидентирани неплатени обврски по фактури и времени ситуациии на разни доверители за извршени инвестициски активности.

Од анализата на одделните обврски врз таа основа, може да се констатира дека вкупно книжените и неплатени обврски на Општина Бутел на крајот од 2012 година биле како што следи:

| Конто износ | Опис на обврска | Долговен |
|---|---|---|
| 2200 | Добавувачи во земјата | 11.970.431 |
| 2462 | Обврски за исплата на надомест на советници | 237.590 |
| 2463 | Обврски за исплата на договори, социјална и друга помош | 290.576 |
| 2470 | Обврски по запирања на работниците за кредити судски забрани и казни | 63.498 |
| 2471 | Обврски по запирања на работниците за лично осигурување | 7.045 |
| 2472 | Обврски по запирања на советници | 3.831 |
| 2532 | Персонален данок од надомест на советници | 26.826 |
| 2533 | Персонален данок од договори, социјална и друга помош | 1.432 |
| 281-285 | Обврски за плати и придонеси од плати | 1.903.170 |
| | Вкупно | 14.504.399 |

Бруто евидентираните неплатени обврски на општина Бутел за 2012 година во износ од 14.504.399 илјади денари се групирани во два вида на обврски и тоа, краткорочни и среднорочни.

Во групата на краткорочни обврски отпаѓаат обврските по основ на пресметана бруто плата на вработените на Општина Бутел за месец декември 2012 година во износ од 1.973.713 денари, пресметан надомест за Совет за месец декември 2012 година и песонален данок во износ од 268.247 денари и пресметан надоместок за отпремнина за пензионирање, превод на материјали за месец декември 2012 година и персонален данок во износ од 292.008 денари.

Останатиот дел од обврските во износ од 11.970.431 денари спрема добавувачи и се делат на два вида обврски: краткорочни и долгорочни обврски. Краткорочните обврски заклучно со 31.12.2012 година изнесуваат 10.974.490 денари. Од нив, 2.145.509 денари и се однесуваат на тековно-оперативни обврски за редовно работење на општината и општинската администрација настанати во последниот месец од годината. Тие ги сочинуваат обврските по основ на неплатени фактури за комунални услуги како електрична енергија за бараките и јавно осветлување, телефонија, прехранбени продукти, нафта за греење, канцелариски материјали, огласи во дневни весници и др. Останатите, 8.828.981 денари и се однесуваат на обврски за капитални инвестиции извршени во последниот квартал од 2012 година и истите, во извештајниот период сеуште не се подмирени од причина што за нив сеуште се водела контролна постапка од надзорниот орган и стручните служби на општинската администрација која врши проверка на вградените материјали и изградените количини искажани во пристигнатите ситуации од изведувачите.

Долгорочните обврски се износ од 995.941 денари отпаѓаат на обврски кои Општина Бутел ги превзема во делбениот биланс со Општина Чаир, а се однесуваат на наследени обврски од фирмите ГА-МА и ЕКО КЛУБ. Овие обврски, се сеуште неподмирени и во сметководствената евиденција на

Општина Бутел се водат како спорни, бидејќи во финансиската документација за овие обврски не постои релевантен доказ дека предметот на договорот е извршен.

## И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
## ВО 2012 ГОДИНА

Целокупната активност на Општина Бутел во текот на 2012 година се вршеше преку реализација на инвестиционите програми што ги опфаќаат нејзините различни надлежности утврдени со Законот за локалната самоуправа. Остварувањето на одделните програмски активности на Општина Бутел во 2012 година може да се види од прегледите што се дадени во прилог на овој извештај.

Поради концептот на програмското буџетирање активностите на Општина Бутел во текот на 2012 година се презентирани во програмите одобрени од Советот на општината. Заради попрецизно согледување на остварувањата, во прегледите се презентирани податоци за планираните (ребалансираните) и за реализираните износи на одделни програми во текот на 2012 година.

Во приложените прегледи се запазени принципите на транспарентност, прегледност и споредливост. Таквиот пристап создава можност за аналитички согледувања на остварувањето на програмите од секаков вид. Во тие рамки, секако, најважно е согледувањето на степенот на остварувањето на планираните вредносни големини на одредени програми, како и наменското користење на буџетските средства на Општина Бутел, кои се детално регулирани и определени со нејзиниот буџет за 2012 година.

Од презентираните прегледи, чија што содржина е составен дел на годишната сметка на Општина Бутел за 2012 година, може да се извлече генерална констатација за солидно остварување на планираните (ребалансираните) големини во целост, скоро кај сите програми, односно позиции во буџетот на Општина Бутел. Во таа насока, менаџментот на општината успеа да ги реализира планираните програмски активности за 2012 година.

Таквата состојба создаде услови за забрзано финансиско реализирање на преземените обврски од страна на Општина Бутел, а со тоа и до солиден степен на реализација на нејзиниот буџет, а со тоа и на одделните програми на Општина Бутел за 2012 година.

Во контекст на изнесеното, согласно програмските активности на Општина Бутел во 2012 година, се реализираа инфраструктурни проекти кои беа од особено значење за месното население во оние делови во кои се изведуваа градежни зафати. Согласно начелото на програмско буџетирање, реализацијата на инвестиционите активности на Општина Бутел за 2012 година се одвиваше по соодветни програми. Во таа насока, се опфатија проекти од областа на урбанистичкото планирање, комуналните дејности - јавно осветлување, изградба и реконструкција на улици и патишта, реконструкција на други објекти, изградба на тротоари И пешачки патеки од павер елементи, изградба на детски игралишта, поставување на урбана

опрема на територија на Општина Бутел и др. Инвестиционите активности на Општина Бутел за 2012 година се дадени во следниот преглед на програми:

**Ф - УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ**

**I. Урбанистичко планирање**

**1. Изработка на урбанистички планови за следните локации :**

- Предлог-Детален урбанистички план за населба Бутел 1, Блок 3 со опфат 2.37 ха;
- Нацрт-Детален урбанистички план за с.Визбегово, дел од Блок 8 и Блок 10 во с.Визбегово со опфат 14,67 ха;
- Изработка на АУП за ОУ Живко Брајковски;
- Хидротехнички услови за ОУ Живко Брајковски;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци број 326/11-5 КО Чаир

**II. Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)**

**1. Изведба на подземни и надземни инсталации и приклучоци (60-40 со г.Скопје)**

- Продолжување на изградба на патна инфраструктура на улица Боро Кралевски;
- Изградба на крак 1 од улица Новопроектирана до улица Груица Војвода;

**Вкупна реализација на програмата 634.056 ден.**

**Ј - КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**I. Програма Ј3 и ЈА - Одржување, изградба и реконструкција на јавно осветлување**

**1. Одржување на јавно осветлување**

а) Замена на сијалици, канделабри, НН кабел и други електро материјали
за јавно осветлување на следните места:

| **Населби** | **Рурални подрачја** |
|---|---|
| - Бутел - 1 | - с.Визбегово |
| - Бутел - 2 | - с.Љубанци |
| - Скопје Север | - с.Љуботен |
| - Радишани | - с.Радишани |

**Вкупна реализација 2.728.566 ден.**

б) Потрошена електрична енергија за јавно осветлување

**Вкупна реализација 13.330.833 ден.**

**2. Изградба и реконструкција на јавно осветлување**

а) Изградба и реконструкција на јавно осветлување на следните локации:

- улица Алпи - 40 $м^1$
- улица 2 во село Визбегово - 400 $м^1$
-дел од улица 3 во село Визбегово
- улица 6/2 во населба Радишани - 125 $м^1$
- пешачка зона во населба Радишани до спортска сала Иван Хаџи Николов - 160 $м^1$
- населба Бутел делот до социјалните згради - 130 $м^1$

**Вкупна реализација 1.342.391 ден.**

**Вкупна реализација на програмата 14.673.224 ден.**

**II. Програма Ј4 и Ј8 - Јавна чистота и други комунални услуги**

**1. Јавна чистота**

а) Одржување на паркови и зеленило, чистење на улици, тротоари, собиралишта и други јавни површини и набавка на ситен инвентар и вреги за отпад

**Вкупна реализација 902.255 ден.**

б) Расчистување на градежен отпад и диви депонии, пролетна и есенска дератизација на 1005 шахти на територија на Општина Бутел

**Вкупна реализација 132.223 ден.**

**Вкупна реализација на програмата 1.034.478 ден.**

**III. Програма Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици**

**1. Крпење на ударни дупки во следните населени места**

- ударни дупки кон плато и влез на џамија во с.Љуботен и мост Серпентина во с.Љубанци - 602 $м^2$
- ударни дупки во нас.Радишани и с.Радишани - 570 $м^2$
- ударни дупки во н.м.Бел Камен - 738 $м^2$
- надзор над крпење на ударни дупки

**Вкупна реализација 4.085.060 ден.**

**2. Зимско одржување на улици и патишта**

- расчистување на снег со плуг и посипување на сол и ризла на улици и патишта на територија на Општина Бутел

**Вкупна реализација 3.344.142 ден.**

**Вкупна реализација на програмата 7.403.262 ден.**

**IV. Програма ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување**

**1. Изградба на системи за водоснабдување**

- Изградба на резервоар за вода во н.м.Кучевишка Бара и Бел Камен
- Надзор над изградба на резервоар за вода

**Вкупна реализација на програмата 11.228.136 ден.**

**V. Програма ЈД - Изградба и реконструкција на улици и патишта**

**1. Реконструкција и санација на улици и патишта**

а) Реконструкција, санација и афалтирање на улици и патишта на следните локации на територија на Општина Бутел:

- улица Приштинска - 2.836 $м^2$
- улица Алпи крак 1 - 1.285 $м^2$
- улица Алпи крак 2 - 598 $м^2$
- улица Галичник крак 1, 2 и 3 - 2.003 $м^2$
- улица Тале Христов - 1.943 $м^2$
- улица Костурска - 1.517 $м^2$
- улица Лазо Москов и Гоце Стојчевски -3.764 $м^2$
- улица 8 во с.Радишани - 247 $м^2$
- улица 8а во с.Радишани - 241 $м^2$
- улица 10 во с.Радишани - 300 $м^2$
- улица 12 во с.Радишани - 350 $м^2$
- улица 28 во с.Радишани - 3.393 $м^2$
- улица 40 во с.Радишани - 665 $м^2$
- улица 48 во с.Радишани - 950 $м^2$
- улица 52 во с.Радишани - 500 $м^2$
- улица 15 во с.Љубанци - 1.224 $м^2$
- тампонирање на улица Радишанска - 43 $м^2$
- надзор над реконструкција и санација на улици и патишта

**Вкупна изградена површина 21.859 $м^2$**

**Вкупна реализација 30.424.919 ден.**

**2. Изградба и реконструкција на останати јавни објекти**

а) Изградба и реконструкција на други јавни објекти од павер елементи

- паркинг простор на улица Никола Петров нас.Црвени Брегови - 235 $м^2$
- скали со платформа во ОУ Гоце Делчев - 150 $м^2$
- Бетонски жардињери и армирано бетонски скали со пристапна рампа

**Вкупна изградена површина 385 $м^2$**

**Вкупна реализација 982.698 ден.**

б) Изградба и реконструкција на тротоари и пешачки патеки од павер елементи на следните локации:

- тротоари на улици Хо ши Мин, Натанаил Кичевишки и Петар Манџуков - 2.912 $м^2$
- тротоари и паркинг простор на улица Тале Христов - 712 $м^2$
- тротоари на улица Рокомија - 989 $м^2$
- тротоари на булевар Босна и Херцеговина - 58 $м^2$
- тротоари од улица Рудо до улица Марко Крале - 318 $м^2$
- тротоари на улици Скоевска и Адем Бајрам - 1.200 $м^2$
- тротоари на улица Алекса Дундиќ - 537 $м^2$
- тротоари кај манастир Св.Наум во с.Радишани - 60 $м^2$
- надзор над изградба и реконструкција на тротоари од павер елементи

**Вкупна изградена површина 6.786 $м^2$**

**Вкупна реализација 10.756.530 ден.**

в) Изградба на спортски детски игралишта и поставување на урбана опрема на следните локации:

- детско игралиште со спортси реквизити во нас.Радишани
- детско игралиште со спортси реквизити во Љуботенски пат
- детско игралиште со спортси реквизити на ул.Марко Крале - Бутел
- детско игралиште со спортси реквизити Александар Македонски
- детско игралиште со спортси реквизити во Скопје Север до црквата
- детско игралиште со спортси реквизити во Скопје Север (реконструкција на постојно игралиште)
- детско игралиште со спортси реквизити во с.Радишани

**Вкупна реализација 4.030.489 ден.**

**Вкупна реализација на програмата 46.194.636 ден.**

**VI. Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

**1. Изградба на атмосферска и фекална канализација на следните локации:**

- улица 5 во село Љубанци - 343 $м^1$
- улица 6 во село Љубанци - 483 $м^1$
- улица 8 во село Љубанци - 1.143$м^1$
- фекална канализација во село Љубанци 4 фаза - 744 $м^1$
- фекална канализација во село Љуботен од РШ-1 до РШ-32 - 2.105 $м^1$
- улица 18 до улица 46 во село Радишани - 503 $м^1$
- улица 42 до улица 50 во село Радишани - 190 $м^1$
- улица 54 до улица 56 во село Радишани - 640 $м^1$
- фекална канализација во село Визбегово - 648 $м^1$
- десна страна од пат Скопје-Приштина во село Визбегово - 216 $м^1$
- собирен канал 1 во нас.Радишани - 484 $м^1$
- Расадник во нас.Радишани - 315 $м^1$
- Главен собирен канал од +000 до 1+035 во Радишани (дел) - 1.035 $м^1$
- атмосферска канализација на ул.Љуба Петровиќ нас.Бутел 1 - 53 $м^1$
- атмосферска канализација на ул.Петар Манџуков нас.Бутел 1 - 96 $м^1$
- надзор над изградба на фекална и атмосферска канализација

**Вкупна изградена површина 8.998 $м^1$**

**Вкупна реализација на програмата 41.533.821 ден.**

**Н - ОБРАЗОВАНИЕ**

**VII. Програма Н1 - Основно образование**

**1. Реконструкција на училишта во според стандардите за енергетска ефикасност**

- ОУ Панајот Гиновски - реконструкција на дел од училишната зграда и поставување на предна врата и прозори од ПВЦ елементи
- надзор над реконструкција на училишна зграда

**Вкупна реализација 6.949.695 ден.**

**2. Учество во дел од трошоците за централно греење и течни горива на основните училишта**

**Вкупна реализација 4.258.937 ден.**

**Вкупна реализација на програмата 11.208.632 ден.**

**К - КУЛТУРА**

**VII. Програма К4 - Културни манифестации и творештво**

- Априлијада - ден на шегата;
- Ликовна колонија 2012 - Во Манастирскиот комплекс Св.Никола во с.Љубанци;
- Спомени за Борис Трајковски;
- Чевствување на ликот и делото на поетот и револуционер Никола Јонков Вапцаров
- Спортска општинска олимпијада - спортски натпревари во кошарка, одбојка и мал фудбал;
- Традиционален Љуботенски карневал;
- Поддршка на спортски клубови за афирмација на спортот во општината

**Вкупна реализација на програмата 386.510 ден.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на блок дотации на Општина Бутел**
**во 2012 година**

Во основните надлежности на Општина Бутел е финансирањето на општинските буџетски корисници кои работат на најзино подрачје. Законот за локална самоуправа ја овластува Општина Бутел да ја организира и финансира јавната детска заштита и основното образование. Со отпочнување на процесот на фискална децентрализација во надлежност на Општина Бутел припаднаа седум основни училишта и една јавна детска градинка. Согласно Законот за финансирање на ЕЛС, општинските буџетски корисници се финансираат од Буџетот на Општина Бутел преку т.н. блок дотации од централниот буџет на РМ. Тие дотации, покрај средствата наменети за финансирање на тековно-оперативните активности, содржат и средства за финансирање на платите на вработените кај буџетските корисници.

Износите и намените за финансирање на тековно-оперативни активности, односно блок дотациите се регулирани со соодветни Уредби на Владата на Република Македонија, и тоа:

1. Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца-детски градинки по општини за 2012 година,

2. Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за основното образование-основни училишта по општини за 2012 година, и

3. Правилник за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на основните училишта во Општина Бутел.

Во текот на 2012 година Општина Бутел доби блок дотации од Буџетот на РМ во вкупен износ од 212.721.000 денари од кои:

а) Блок дотации за ОУ во вкупен износ од 179.376.000 денари;
б) Блок дотации за ЈДГ во вкупен износ од 33.345.000 денари;

За финансирање на тие намени во 2012 година беа користени и соодветните пренесени средства од блок дотациите што беа одобрени во 2011 година, а кои не беа искористени до крајот на таа година.

Соодветните износи и распределбата на блок дотациите по надлежност се содржани во буџетот на Општина Бутел за 2012 година, како негов составен дел.

Во таа насока, општинските буџетски корисници (ОУ и ЈДГ) ги реализираа своите финансиски планови за 2012 година, во деталниот приказ како што следи:

**Програма Н1 - Основно образование**

**ОУ Ацо Шопов**

| Ставка | Опис | Реалиација за 2012 |
|---|---|---|
| | **Вкупно расходи** | **25.079.335** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 14.787.176 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 5.476.199 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.270.960 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 12.000 |
| 425 | Договорни услуги | 533.000 |

**ОУ Гоце Делчев с.Љубанци**

| Ставка | Опис | Реалиација за 2012 |
|---|---|---|
| | **Вкупно расходи** | **9.253.185** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 5.673.223 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 2.094.215 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.196.000 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 152.054 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 50.000 |
| 425 | Договорни услуги | 84.790 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.903 |

**ОУ Панајот Гиновски**

| Ставка | Опис | Реалиација за 2012 |
|---|---|---|
| | **Вкупно расходи** | **29.379.225** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 18.378.121 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 6.796.105 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.113.999 |
| 425 | Договорни услуги | 91.000 |

**ОУ Живко Брајковски**

| Ставка | Опис | Реалиацијa за 2012 |
|---|---|---|
| | **Бкупно расходи** | **32.495.486** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 20.311.079 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 7.512.315 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.199.391 |
| 425 | Договорни услуги | 472.701 |

**ОУ Лиман Каба с.Љуботен**

| Ставка | Опис | Реалиацијa за 2012 |
|---|---|---|
| | **Бкупно расходи** | **13.167.759** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 8.748.685 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 3.249.682 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.072.209 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 45.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 50.000 |
| 425 | Договорни услуги | 2.183 |

**ОУ Петар Здравковски Пенко**

| Ставка | Опис | Реалиацијa за 2012 |
|---|---|---|
| | **Бкупно расходи** | **47.385.852** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 29.455.398 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 10.895.454 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 6.610.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 180.000 |
| 425 | Договорни услуги | 245.000 |

**ОУ Св.Климент Охридски**

| Ставка | Опис | Реалиација за 2012 |
|---|---|---|
| | **Бкупно расходи** | **20.670.164** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 10.495.562 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 3.882.001 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.632.937 |
| 425 | Договорни услуги | 1.659.664 |

**Програма В1 - Детски градинки**

**ЈДГ 11 Октомври**

| Ставка | Опис | Реалиација за 2012 |
|---|---|---|
| | **Бкупно расходи** | **32.730.948** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 18.880.799 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 7.008.481 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 6.194.969 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 315.000 |
| 425 | Договорни услуги | 331.699 |

Распределбата за одделни намени по ОУ и ЈДГ ја извршија стручните служби во општината, а ги усвои Советот на Општина Бутел. При распределбата појдовна основа беа податоците за историските трошоци по одделни намени и по одделни ОУ и ЈДГ во претходните години, кои Општина Бутел ги доби од соодветните министерства, како и од финансиските планови - предлози, кои што до Општина Бутел ги доставија одделните ОУ и ЈДГ. Во практиката се покажаа одредени недоследности и непрецизности во распределбата на тие дотации за одделни намени како резултат на некомпатибилноста на плановите на ОУ и на ЈДГ со нивната практична реализација. Поради тоа, во текот на годината Советот на општина Бутел мораше да изврши соодветно менување и приспособување на одделни потставки и на износите во одделните потставки за користење на тие дотации.

Блок дотациите во утврдените збирни големини беа месечно трансферирани од Министерството за образование и наука и од Министертвото за труд и социјална политика до сметката за блок дотации на Општина Бутел во соодветно утврдените рокови и нив Општина Бутел, исто така, во утврдените рокови, им ги ставаше на располагање на ОУ и на ЈДГ, така што тие можеа веднаш да ги користат расположливите средства за тековно-оперативните намени, а тоа значи дека ОУ и ЈДГ не можеа да ги

користат дотациите за други цели и намени, освен за тоа што беа определени во буџетот на Општина Бутел за 2012 година. Нивната, евентуална, намера да ги користат за други намени, или да ги пренаменат, веќе, наменски определените средства, беше невозможна и поради ограничувачката софтверска програма на Министерството за финансии - Сектор Трезор, преку кое се вршат плаќањата на буџетските корисници.

Анализата на податоците што се дадени во консолидиранаата завршна сметка на Општина Бутел покажува дека, ОУ не искористија дел од определените дотации за предвидените намени во текот на 2012 година. Тоа создаде сума на неискористени средства од блок дотации за тековно одржување во вкупен износ од 3.604.330 денари, кои се пренесени за користење во 2013 година.

Вкупно неискористениот дел од примените дотации кај ЈДГ изнесува 614.052 денари, а кај ОУ вкупно неискористен дел од 2.990.278 денари. Овие износи ќе бидат достапни на користење од страна на ОУ и ЈДГ во 2013 година, по претходна распределба на стварните потреби помеѓу општинските буџетски корисници. Пренесениот износ на буџетската сметка на Општина Бутел за блок дотации е пресметан во планот за блок дотации во буџетот на Општина Бутел за 2013 година, распределени за финансирање на соодветните активности на ОУ и ЈДГ.

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ОДГОВОРНИОТ СМЕТКОВОДИТЕЛ ЗА ТОЧНОСТА И ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА БУТЕЛ ЗА 2012 ГОДИНА

## Законски обврски на одговорниот сметководител

Согласно член 35 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, одговорниот сметководител, заедно со градоначалникот на општината, се одговорни за примената на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Согласно член 34 став 2 алинеа 4 од истиот закон, одговорниот сметководител е должен до Советот на општината да поднесе извештај со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка на општината.

## Точност и веродостојност на годишната сметка на Општина Бутел за 2012 година

### Општи услови на работење

Евидентирањето на промените во сметководството на Општина Бутел во текот на 2012 година се вршеше во подобрени услови во однос на тие што важеа во претходната година, што е резултат на активностите што беа спроведени во тековната година за средување на сметководствената евиденција на Општина Бутел. Во тој правец дејствуваше и кадровската екипираност на стручната служба и внесувањето и користењето на соодветни компјутерски сметководствени програми.

Во такви услови, Секторот за финансиски прашања на Општина Бутел работеше паралелно кон отстранување на заостанатите ограничувачки фактори во нејзиното работење и истовремено, кон вршење на своите редовни активности. Сметководственото евидентирање на финансиските документи и трансакции се вршеше со пет сметководствени модули за финансиско работење, материјално работење, пресметка на плати, благајничко работење и евиденција на основните средства и инвентарот на општината. Сите модули се управувани од централен сервер на кои се евидентираа и снимаа сметководствените книжења од четири умрежени персонални компјутери. Софтверот за целосна сметководствена евиденција овозможи прецизно, точно, законито и навремено зеведување на сметководствената документација и го олесни пристапот до сметководствените податоци, но и следењето на реализацијата на буџетот на општината.

Ревидирањето на материјално-финансиското работење на Општина Бутел во претходните години продолжи да се врши и во 2012 година. Особено внимание беше посветено на утврдување побарувања на Општина Бутел што настанале врз разни основи, пред се, врз основа на надомест за уредување на градежно земјиште за тековната година, легализација на безправно изградени објекти и продажба на градежно неизградени објекти.

Во 2012 година беше водена книговодствена евиденција на сите очекувани побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште, закуп на деловен простор, данок на имот, фирмарина и други, а во согласност со соодветните издадени налози/пресметки. Нивната наплата секојдневно беше ажурирана. Тоа создаде услови за поефикасна и побрза процедура за издавање одобренија за градење и на друга техничка документација за објектите на кои се однесуваа тие документи.

Секторот за урбанизам, заради следење на издадените дозволи за градење и оние во постапка на издавање во изминатите години воведе детална аналитичка евиденција, врз чија основа и се вршеше дневно следење (ажурирање) на нивната наплата. Во таа функција беше вршењето анализа на податоците со кои располага Општина Бутел за секој поединечен предмет. Секторот за финансиски работи, во соработка со Секторот за урбанизам, во континуитет вршеше проверување и проценување на веродостојноста на издадените документи-потврди за платени комуналии. На правните и на физичките лица за кои е констатирано дека не ги платиле, целосно или делумно, своите обврски врз таа основа, им се укажа да ја исполнат својата финансиска обврска спрема Општина Бутел. Воспоставената деловна практика придонесе ажурно, точно и навремено комплетирање и следење на финансиските документи произлезени од кои се од надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој, пак, имаат трајна вредност.

Ист пристап е применет и спрема обврските на Општина Бутел. За неспорните обврски, потврдени со веродостојно и вистинити финансиски документи, воведена е аналитичка евиденција. Општина Бутел во текот на годината редовно и навремено ги измируваше своите обврски. Останатите обврски, кои се претежно од тековен карактер, во целост ќе бидат исплатени во првата половина од првиот квартал во 2013 година..

Спорните обврски преземени со делбениот биланс за кои Општина Бутел смета дека се со некомплетна финансиска документација, односно дека за нив во сметководствената евиденција не постои релевантен доказ дека предметот на договорот е извршен, и во 2012 година останаа, евидентирани како спорни. Меѓутоа, независно од таквиот книговодтствен пристап, бидејќи обврските произлегуваат од делбениот биланс, овие доверители повеле судски спорови за присилна наплата на своите побарувања од Општина Бутел, иако станува збор за изведени градежни работи на подрачјето на поранешна Општина Чаир.

Во текот на годината Општина Бутел плаќаше обврски кои се однесуваат на проекти што беа изведувани на подрачјето на Општина Бутел. Значајно е да се обележи дека, пред плаќањето на која била преземена обврска на Општина Бутел спрема нејзините доверители, се вршеше детална проверка на документите, од аспект на тоа дали ја содржат целокупната пропратна документација и дали истата соодветствува и е составена согласно важечките законски прописи. Во случаите каде што ќе се констатираа обврски што во моментот на проверката беа со нецелосна односно недоволна пропратна финансиска документација, стручните служби ги контактираа изведувачите за докомплетирање на документацијата, по што истата се книжеше и се плаќаше.

## Примена на сметководствените принципи, стандарди и начела

Воспоставената дневна ажурност во книжењето на тековните приходи и на новосоздадените обврски од тековната година, во целост беше задржана и спроведувана во текот на 2012 година. Заради запазување на сметководственото начело на парично искажување, евидентирани се сите приходи и расходи настанати во 2012 година. Финансиските документи на побарувањата и обврските се евидентираа во главната книга на денот на нивното настанување, а долгорочните и креткорочните средства, во билансните позиции, се искажани според нивната набавна вредност.

Во текот на работењето во 2012 година, Секторот за финансиски прашања редовно ги применуваше соодветните законски одредби и сметководствените правила и принципи. Заради прецизно и точно составување на годишната сметка на Општина Бутел за 2012 година, се изврши целосен попис на средствата и на изворите на средствата, побарувањата и обврските и паричните средства со кои општината располага. Со извршениот попис на средствата и на изворите на средствата е извршено усогласување на нивната книговодствена со фактичката состојба.

Евидентирањето на документите и на соодветните книговодствени промени во текот на 2012 година, во целост, се вршеше во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (“Сл. Весник на РМ” бр. 61/02, 98/02 и 81/05), Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (“Сл. Весник на РМ” бр. 28/03, 62/06 и 8/09) и на соодветните подзаконски акти. Тоа значи дека, сметководството на Општина Бутел во 2012 година се водеше во согласност со начинот и стандардите што ги предвидува тој закон и прописите што од него произлегуваат.

Во сметководството на Општина Бутел редовно се водеа деловните книги што ги наложува законот. Нивното отворање, затворање и чување се вршеше во согласност со законските насоки. Сметките во главната книга се распоредуваа со примена на основните сметки од сметковниот план.

Признавањето на приходите и на расходите се спроведуваше според сметководственото начело на парично искажување, односно се признаваа и се евидентираа во сметководствениот период во кој настанале, според критериумите на мерливост и расположливост. Во однос на расходите на Општина Бутел.тоа начело значи дека, тие се признаваа во пресметковниот период во кој се вршеше обврската за плаќање.

Општина Бутел водеше посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, а според распоредот на сметките од сметковниот план. Притоа, во сметководството се обезбедени податоци поединечно по сите видови на приходи и на други приливи, за расходите и за другите одливи, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Сето тоа е евидентирано по системот на двојно сметководство (актива и пасива). Сметките беа распоредени во главната книга со примена на основните сметки пропишани со сметковниот план. Во текот на годината Општина Бутел ги водеше само тие сметки на кои се појавија промени и трансакции. Целокупното книжење се вршеше електронски со примена на соодветен сметководствен софтвер.

Сметководствените промени непречено и навремено (ажурно) се евидентираа во соодветните сметководствени документи: дневник, главна книга и помошни книги (книга на влезни сметки, книга на излезни сметки, книги на набавки, книги на инвентарот и на капиталниот имот на Општина

Бутел, книга на благајната, книга на побарувањата и на обврските и книга на изводи на сметката на Општина Бутел).

Годишната сметка на Општина Бутел е изготвена во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите што се донесени од министерот за финансии. Годишната сметка ги содржи пропишаните годишни финансиски извештаи, кои пак, законски предвидениот рок се доставени до релеваните државни институции.

Процедурите за финансиско управување и контрола кои ги воспостави Секторот за финансиски прашања го уредуваат начинот на движење на финансиската документација и начинот на преземање на обврската (од влез на документацијата до нејзино евидентирање), материјално и благајничко работење и упатство за пресметка на плати, надоместоци и договори за повремено вршење на услуги и работи. Особено значајно е што Секторот за финансиски прашања го подготви и достави до Советот на усвојување Правилникот за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на основните училишта, со што се утврдија правила за распределба на блок дотациите помеѓу основните училишта.

Од тие причини, сметководствените податоци содржани во годишната сметка на Општина Бутел за 2012 година се во согласност со законските прописи и постојните сметководствени правила, стандарди и принципи.